Здружение на граѓани
"ФРОНТ 21/42"
Бр. 03/2022/2/384
29.04.2022 200__ год.
СКОПЈЕ

FRONT 21|42
Office: Kliment Ohridski No. 54/2-2, 1000 Skopje, R. Macedonia
Tel.Fax: + 389/ 2 3122-546 / e-mail: contact@front.org.mk

29.04.2022 година

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ - Скопје
MINISTRIA E MJEDISIT JETËSOR DHE PLANIFIKIMIT HAPËSINOR - Shkup

| Примено / E pranuar | 04-05-2022 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. / Nj. org. | Број / Numër | Прилог / Shtojcë | Вредност / Vlera |
| 09 | 3304 | | |

**До:**
**Одделение за стратешка оценка на влијанието врз животната средина**
**Сектор за просторно планирање**
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

**Предмет: Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Почитувани,

Ви се обраќаме во врска со Извештајот за стратегиска оценка на влијанието врз животната средина за Стратегијата за развој на туризмот на Општина Охрид.

На ден 15.04.2022 година беше одржана 13-та седница на Комисијата за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион, а во која членува и Ваш претставник, господинот Илбер Мирта, кој при своето излагање во однос на точката на дневен ред – Стратегија за развој на туризмот на Општина Охрид и Извештајот за стратегиска оценка на влијанието врз животната средина за истата, истакна дека МЖСПП веќе има дадено позитивно мислење за овој Извештај.

Имајќи го предвид наведеното, а врз основа на член 4 од Архуската Конвенција за пристап до информации, учество на јавноста во одлучувањето и пристап до правдата за прашања поврзани со животната средина (Сл. Весник на Р.М. бр. 40/99), член 4 и 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. Весник на Р.М. бр.101/19) и член 51 од Законот за животна средина (Сл. Весник на Р.М. бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 48/2010, 124/10 24/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18), Ве молиме да ни доставите:

- **Копија од мислењето на Министерството за животна средина и просторно планирање во врска со Извештајот за стратегиска оценка на влијанието врз животната средина за Стратегијата за развој на туризмот.**

Ве молиме бараните информации да ни ги доставите во писмена или електронска форма на следните адреси:

**„Фронт 21/42“**
**Бул. Климент Охридски бр. 54/2-2, 1 000 Скопје**
или
**e-mail: anja.jovanova@front.org.mk**
**Лице за контакт: Ања Јованова**
**Телефон: 078/ 413 – 667**

Со почит,
Ања Јованова
Правник
„Фронт 21/42“

Здружение на граѓани "ФРОНТ 21/42"

Република Северна Македонија

**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut

**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

- СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Арх.бр 15-1249/2
Дата 07. 03. 2022
Општина Охрид
Ул. Димитар Влахов бр. 57
6000 Охрид
Република Северна Македонија

Предмет: Мислење по Извештај за стратегиска оцена на животната средина
Врска: бр.: 21-1898/1 од 15.02.2022 год.

Почитувани,

Во врска со Вашето барање на мислење доставено до Министерството за животна средина и просторно планирање-Сектор за просторно планирање под бр. 15-1249/1 од 17.02.2022 година и по доставениот Нацрт Извештај за стратегиска оценка на животната средина Стратегија за развој на туризмот во Општина Охрид – Општина Охрид, а врз основа на спроведена постапка за стратегиска оцена на животната средина, Министерството за животна средина и просторно планирање нема забелешки и дава позитивно мислење по содржината и обемот на документот.

Во прилог на наведеното, Министерството за животна средина и просторно планирање посочува дека предметниот Извештај за стратегиска оцена на животната средина ги содржи аспектите за заштита на животната средина, како и економските и социјалните прашања во фазите на планирање и имплементирање на стратегијата, како и преглед на регулаторната рамка и процедури кои ќе служат како основа за проценки на влијанијата врз животната средина за сите идни подпроекти кои би се реализирале во рамки на стратегијата.

Согласно наведеното, Министерството смета дека е постигната општата цел на Извештај за стратегиска оцена на животната средина, односно дека е направена целосна анализа на потенцијални влијанија од донесувањето и имплементацијата на стратегијата која е предмет на стратегиска оцена, а воедно се утврдени и мерки за заштита, намалување и неутрализација на негативните влијанија и план за мониторинг на животната средина.

Воедно Ве информираме дека процесот на спроведување на стратегиска оцена на животната средина треба да продолжи со следниве чекори:

1. Пред започнувањето на постапката за усвојување/донесување на документот, субјектот заедно со нацртот на стратегијта и извештајот за

- СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

стратегиската оценка на животната средина во рок од пет работни дена објавува информации за местото каде може да се разгледа нацрт / предлог стратегијата и извештајот, односно спроведува постапка за учество на јавноста.

2. Како можни начини за вклучување на јавноста, правни, физички лица, како и други засегнати страни се објавување на истите на веб страната на субјектот, или преку организирање на јавна расправа, трибини, емитување на телевизиски емисии и слично.
3. Министерството, јавноста и други правни и физички лица го доставуваат своето мислење до субјектот во рок од 30 дена од денот на објавување на нацрт / предлог стратегијата и извештајот за стратегиска оцена.
4. Откако ќе се систематизираат мислењата, наодите и мислењата од засегнатите страни, субјектот е должен да ги интегрира во извештајот за стратегиската оцена на животната средина и да го достави до надлежното Министерство.
5. Министерството е должно во рок од 60 дена од денот на достасување на документацијата да ја оцени соодветноста односно исправноста на стратегијата и извештајот
6. Потоа субјектот треба да ја објави одлуката за усвојување на стратегијата.
7. Органот е должен да ги следи ефектите врз животната средина и врз здравјето на луѓето од спроведувањето на стратегијата, со цел во раната фаза да се согледаат евентуалните негативна ефекти, како и санирање на истите доколку се појават.

Со почит,

Изработил: Милева Тагасовска

Согласен: Сашо Апостолов

ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА МИНИСТЕР
РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОР
Nebi Rexhepi